**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403-394/5**

**Скопје, 02.11. 2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Град Скопје за 2006 година, кои се прикажани на страните 10 до 12.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Органот на Град Скопје за 2005 година и е дадено позитивно мислење.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Трифун Костовски, Градоначалник на Град Скопје во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 9 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 01.06 до 06.07.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени

рекласификации поради добивање на појасна слика и со прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Систем на интерни контроли во процесите**

**10.1.1. Процес на плаќања**

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на плаќање, ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли функционираат на начин кој гарантира дека:
- плаќањата се направени само за примените добра и услуги;
- не постои можност за располагање со парични средства без одобрение од овластено лице.

Ова се должи на фактот што во Градот Скопје постојат пишани процедури за движење на документацијата, упатство за благајничко работење, назначен е овластен сметководител, се врши уредно ликвидирање на документацијата, постои разграничување на надлежностите, а функционира и внатрешната ревизија. Сето ова придонесува да се вршат плаќања по документација која е уредно ликвидирана, комплетна и веродостојна.

**10.1.2. Процес на плати**

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на пресметка и исплата на плати на вработените во административните органи на Градот Скопје ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли гарантираат дека исплатените плати се резултат на вистински извршена работа (присутност на работа). Ова се должи на воспоставениот систем на интерни контроли кој гаратира дека не постои ризик да се исплати плата на лице кое не е вработено во општината и да се исплати плата на вработените за деновите кога неоправдано се отсутни од работа. Имено постои јасно дефинирана организациона структура и јасно разграничување на надлежностите во процесот на евиденција, пресметка и исплата на плати.

**10.2. Неправилна примена на актите**

10.2.1. Ревизијата се оградува од реалноста и објективноста во врска со евидентираните обврски спрема ЈП „Улици и патишта„ Скопје за наведените активности и тоа:
- за комуналните услуги од јавен интерес кои се во надлежност на ЈП „Улици и патишта„ Скопје, од страна на Советот на Град Скопје не се донесени соодветни

програми и тоа: Програма за зимско и летно одржување на улиците на подрачјето на Градот Скопје и Програма за други активности за одржување на улиците и патиштата за 2006 година од областа на одржувањето на сообраќајната сигнализација, санирање на ударни дупки и други работи кој се во надлежност на јавното претпријатие;
- за месец март 2006 година ЈП „Улици и патишта„ има фактурирано побарување за зимско одржување на улиците на подрачјето на Градот Скопје износ од 6.126 илјади денари и побарување за летно одржување износ од 3.966 илјади денари, иако за овој период е предвидено зимско одржување;
- за месец декември 2005 година фактурирано е побарување за зимско одржување на улиците на подрачјето на градот Скопје во износ од 11.000 илјади денари и побарување за летно одржување во износ од 3.992 илјади денари, иако за овој период е предвидено зимско одржување;
- во врска со одржувањето на светлосната сигнализација од страна на ЈП „Улици и патишта„ без разлика на обемот на извршени работи, се фактурираат месечни паушални износи од 382 илјади денари, до месец август, по ценовник од 2000 година, а по тоа износ од 676 илјади денари, по ценовник од месец август 2006 година. Во прилог на фактурите е приложена фотокопија од калкулацијата на цената која содржи број на ангажирани работници и возило во две смени , што укажува на фактот дека без разлика на извршената работа за месецот се фактурира ист износ, како паушално утврден надоместок.
Ваквиот начин на работа со ЈП „Улици и патишта„ без донесени програми и без интерни акти со кои јасно ќе бидат утврдени правата, одговорностите и обврските на основачот и јавното претпријатие придонесува до зголемени трошоци непоткрепени со валидна документација.

10.2.2. Ревизијата се оградува од реалноста и објективноста на евидентираните обврски спрема ЈП „Комунална хигиена„ Скопје во делот на комуналните услуги од јавен интерес за подигнување на згазени и умрени животни и расчистување на диви депонии, поради следното:
- ЈП „Комунална хигиена„ за услугите за подигнување на згазени и умрени животни на подрачјето на град Скопје, фактурира на градот Скопје месечни износи на обврски од 177 илјади денари, како паушален износ. Кон фактурата е приложена фотокопија на извештај од службата за подигање на умрени животни потпишана од раководител на службата и датум на извештајот. Исто така за услугите за расчистување на диви депонии на подрачјето на град Скопје, јавното претпријатие фактурира на Градот Скопје месечни износи на обврски од 616 илјади денари како паушален износ. Нема потврда од надлежните за надзор на Градот Скопје дека фактурираните износи одговаарат на стварно извршените работи.
Предходно утврдената состојба е резултат на неиздавање налози на кои локации треба да се врши чистење на диви депонии и отсуството на надзор над извршувањето на работите. Поради тоа трошењето на средствата од одобрениот износ со буџетот на град Скопје за оваа намена, се вршело со издавање на фактури во еднакви месечни износи, се до трошењето на износот планиран во буџетот на град Скопје, одобрен за оваа намена.
Ваквиот начин на работа со ЈП „Комунална хигиена„ без интерни акти со кои јасно ќе бидат утврдени правата, одговорностите и обврските на основачот и јавното претпријатие придонесуваат до зголемени трошоци непоткрепени со валидна документација.

10.2.3. Ревизијата констатира дека за работењето и услугите кои јавните претпријатија ги вршат за Градот Скопје присутни се следните состојби, кои се констатирани и со ревизијата за 2005 година:

- не се склучени договори со кои ќе се уредат односите на Градот Скопје со јавните претпријатија, критериумите во кои случаи истите ќе бидат ангажирани

односно не се дефинирани заемните обврски, права и одговорности на Градот Скопје и јавните претпријатија (одобрените годишни програми за работа на јавните претпријатија не се основ за доставување на фактури кон Градот Скопје за било кои извршени работи).

- нема утврдено начин на кој ќе се врши нивното ангажирање (пишани налози за работа или службено доставени барања потпишани од одговорни лица во Градот);
- нема утврдено одговорни лица за надзор над работите за кои се ангажирани;
- нема утврдено кои документи треба да се доставaт од јавните претпријатија (освен фактури) кои би обезбедиле доволно докази за извршување на работите (интерни налози за работа од јавните претпријатија, предмер пресметки на активностите, потпишани од раководители на работите и потпишани од надзор на Градот), а кои понатаму ќе бидат предмет на обработка во сметководството на Град Скопје;
- плаќањето на обврски најчесто се врши со договори за цесии со кои се затвораат обврски спрема јавните претпријатија, а плаќањето, одливот на средствата се врши на други фирми кои имаат деловни односи со јавните претпријатија. Ваквиот начин на плаќање е присутен особено со ЈП „Улици и патишта„. И покрај тоа што позитивните законски прописи не го забрануваат плаќањето со цесии, со цесиите се финансираат трговските друштва а се занемарува ликвидноста на јавните претпријатија која овозможува нереално плаќање на обврските спрема државата.

Вака востановениот начин на работа помеѓу градот и јавните претпријатија основани од Градот има влијание на реалноста на направените трошоци и финансиските извештаи.

**Препорака:**

- Надлежните служби на Град Скопје да склучат договори со јавните претпријатија со цел дефинирање на заемните обврски, права и одговорности,
- Да донесат пишани процедури за регулирање на односите со јавните претпријатија чиј основач е Град Скопје кои ќе се темелат на важечката законска регулатива и склучените договори.

### 10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

10.3.1. Ставката Основни плати и надоместоци во Билансот на приходи и расходи, е искажана во поголем износ од 10.148 илјади денари, поради исплата на поголеми износи надоместоци и тоа:

- за повеќе исплатени надоместоци на советниците и претседателот на советот за учество на седниците на Советот одржани во 2006 година, во вкупен износ од 9.427 илјади денари, поради исплата на поголем износ од износот кој претставува 30% од просекот на плати исплатен во претходните три месеци по одржана седница, што е спротивно на Законот за локална самоуправа и
- за повеќе исплатени дневници на советниците - членови на одборите и комисиите во вкупен износ од 531 илјада денари, што е спротивно на Законот за државни службеници;
- за повеќе исплатен износ од 190 илјади денари по основ на месечен функционален надомест на претседателот на Советот на Град Скопје кој за месеците јануари до октомври е исплатуван по 15 илјади денари месечно, а за ноември и декември по 20 илјади денари. Исплатата на овие средства е спротивна на одредбите од Законот за локална самоуправа.

На исплатените надоместоци е пресметан и платен персонален данок во вкупен износ од 1.791 илјади денари.

Ефектот од таквиот начин на исплата е незаконско трошење на средствата на општината и нереално зголемени расходи.

**Препорака:**

- Советот на Град Скопје одлуките за висината на надоместоците за советниците да ги црпи од постојната законска регулатива;
- Согласно законските надлежности Градоначалникот да превземе мерки во делот на операционализација на одлуките спротивни на постојната законската регулатива;
- За незаконски исплатените парични средства надлежните органи на градот Скопје да превземат мерки за врќање на истите.

10.3.2. Градот Скопје има ангажирано лица за извршување на работи со кој во 2006 година има склучено договори за дело. По истите во 2006 година е исплатен износ на надоместок од 7.792 илјади денари за кој е пресметан и платен само персонален данок на доход. За времено ангажираните лица, надлежните во општината, почнувајќи од 23 април 2006 година биле должни да постапат согласно Законот за агенциите за привремени вработувања со што ангажирањето на овие лица ќе го усогласат со истиот. Непочитувањето на одредбите од наведениот закон има за ефект непресметани и неплатени придонеси и нереално искажани расходи во сметководството и Билансот на приходи и расходи за 2006 година.

**Препорака:**

При времено ангажирање на лица во Градот Скопје надлежните органи да создадат услови за постапување по постојната законска регулатива односно согласно Законот за агенциите за привремени вработувања.

**10.4. Неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки**

10.4.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки за 2006 година ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:

- Правилникот за набавки од мала вредност од 2004 година не е усогласен со член 12 од Законот за јавни набавки, односно во правилникот нема наведено одреден вид или група на стоки, услуги и работи според оперативниот план на набавки во текот на календарската година и начинот на извршување на договорот доколку е склучен и контрола на неговото извршување;
- склучени се договори по отворен повик и ограничен повик во вкупен износ од 34.948 илјади денари во износи повисоки од планираните и обезбедени средства со буџетот што е спротивно на член 10 став 1 и член 47 став 5 од Законот. Разликата меѓу вредноста на склучените договори и планираната вредноста изнесува 5.711 илјади денари. (Прилог 1 од Извештајот);
- во првата фаза на претквалификација по Ограничен повик извршен е избор на понудувачи кои не ги исполнуваат условите пропишани согласно член 40, член 41 и член 62 од Законот (Прилог број 2 од Извештајот);
- извршен е избор на понудувачи по Отворен повик кои не ги исполнуваат условите пропишани согласно член 40, член 41 и член 62 од Законот и склучени се договори во вкупен износ од 1.977 илјади денари (Прилог број 3 од Извештајот);
- извршени се набавки на добра и услуги кои ги надминуваат претходно планираните и обезбедени средства со буџетот во вкупен износ од 197 илјади денари, што е спротивно на член 10 став 1 од Законот (Прилог број 4 од Извештајот);

- без постапка за јавна набавка спротивно на член 29 и член 72 од Законот извршени се набавки во вкупен износ од 1.045 илјади денари (Прилог број 5 од Извештајот);

- по ограничен повик број16-05/06 втора фаза Изградба и изместување на ниско напонска електрична мрежа и приклучоци поканата до избраните понудувачи за

поднесување на понудата не содржи: дека набавката е сукцесивна за склучување на рамковен договор, дека понудата е делива, критериуми за избор на најповолен понудувач и нивно бодирање согласно член 63 од Законот. Со Решение за избор на најповолен понудувач број 4041/12 од 22.06.2006 година избрани се девет понудувачи за склучување на рамковни договори. И покрај укажувањата од страна на Комисијата за жалби по јавни набавки на Владата на Република Македонија (по жалбите на понудувачите Термо Електро В и Г; Елтек и ИМС) дека не е предвидена деливост на набавката, истовремено одбиено е барањето за набавка со преговарање, со препорака набавката да се реализира со постапка за јавно објавување, склучен е рамковен договор со понудувачот ГРАНИТ ЕЛЕКТРИКА ДООЕЛ Скопје број 08-624/1 од 14.03.2007 година, со што е прекршен член 66 став 6 и член 96 став 2 од Законот.

- по ограничен повик 16-06/06 прва фаза Проектирање на подвозници, надвозници, мостови, улична мрежа, паркиралишта, хидранска, канализациона, топлификациона, ниско напонска мрежа и јавно осветлување меѓу другите квалификуван е и понудувачот ЛУБРИКАН НОВА ДООЕЛ Скопје иако не ги исполнува условите предвидени со член 40, член 41, член 47 и член 62 од Законот за јавни набавки, односно доставените потврди за економски бонитет се со поминат рок, во списокот на главни испораки е и проектот за адаптација и партерно уредување на дел од просторот под Транспортен центар (за парк за урбани спортови). Во втората фаза за Изработка на проектна документација-Основен проект за адаптација и партерно уредување на дел од просторот под Транспортен центар (парк за урбани спортови) склучен е договор број 08-4042/6 од 23.03.2006 година на 680 илјади денари кој е со повисока вредност од планираните средства. Со извршениот увид во изработениот проект ревизијата констатира дека истиот е претходно изработен во ноември 2005 година, предаден е на инвеститорот на ден 09.12.2005 година, што е спротивно на член 8 и член 6 од Законот. Со оглед на тоа што Законот за јавните набавки забранува какви било преговори меѓу набавувачот и понудувачот, со оваа постапка не е обезбедена фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност;

- по постапка за јавна набавка спроведена во општина Карпош за Реконструкција на сообраќајница од улица Скупи до село Бардовци меѓу Град Скопје и Општина Карпош потпишан е Протокол број 08-2122/1 од 25.07.2005 година за заедничко финансирање на инвестицијата и согласно член 5 од истиот треба да се потпишат посебни договори со изведувачот во висина од 50% од јавната набавка. Градот Скопје нема склучено договор, со избраниот изведувач АНИЗОР ДООЕЛ Скопје, општина Карпош склучила договор број 17-1457/2 од 27.07.2005 година за целата реконструкција;

- по спроведените постапки за јавни набавки договорите не се склучуваат секогаш во законски предвидениот рок од седум дена од денот на истекот на рокот за поднесување на жалба, односно од денот на конечноста на одлуката по жалба, што е спротивно на член 85 став 3 од Законот. Поради таквата пракса на склучување на договорите по истекот на законски утврдениот рок, можно е, да е веќе истечен рокот на важноста на прифатлива понуда која е основа за склучување на договор за испорака на стоки, услуги или извршување на работи;

- со ЈП „Улици и патишта„ Градот Скопје има склучено договор број 08-702/1 од 02.03.2006 година и договор број 08-1187/1 од 08.05.2007 за реконструкција на улица Горно Лисиче на износ од 29.899 илјади денари, без да спроведе постапка за јавна набавка што е спротивно на Законот за јавни набавки.

Непочитувањето на Законот за јавни набавки и подзаконските акти создава можност за необјективност, нееднаква положба на понудувачите и фаворизирање на одредени фирми.

**Препорака:**
Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки и подзаконските акти во сите аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

11. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точките од 10.3. е преценување на расходите за износ од 10.148 илјади денари, а потценување на вишокот на приходите над расходите за истиот износ во Билансот на приходи и расходи за 2006 година.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точка 10.2., финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Органот на Град Скопје на ден 31 декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај Органот на Град Скопје за 2006 година, е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

14. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека во однос на судските спорови што ги води Градот Скопје, состојбата е непроменета од 2005 година.

Градот Скопје е тужена странка во повеќе судски спорови и тоа:
- По основ на неплатен долг, надомест на штета и неосновано збогатување од 26 правни субјекти за вкупен износ од 441,863 илјади денари и од 4 правни субјекти по основ на утврдување на сопственост, отстранување на рекламни паноа и надомест на штета, на неопределен износ;
- По основ на надомест на штета, неосновано збогатување и незаконското задржување од плата, од 18 физички лица за вкупен износ од 36,619 илјади денари и од 8 физички лица по основ на утврдување на сопственост, отстранување на рекламни паноа и надомест за уривање на објект, на неопределен износ;
- По вонпарнични предмети, предлагачи 9 физички лица за 26,651 илјада денари по основ надомест за експропријација;
- По вонпарнични предмети, предлагачи 16 физички лица, на неопределена вредност по основ надомест за експропријација, утврдување на меѓи и обнова на постапка.

Градот Скопје е тужител во судски спорови и тоа:
- Со 9 физички лица по основ на надомест за земјиште дадено на времено користење и иселување од стан на износ од 3,831 илјади денари ;
- Со 14 правни лица по основ надомест за уредување, употреба и доделување на градежно земјиште за вкупен износ од 115,604 илјади денари и со 1 правно лице на неутврдена вредност по основ предавање во владение;
- Стечајни предмети кај кои Градот Скопје се јавува како доверител за износ 31,590 илјади денари со 22 правни субјекти по основ надомест за употреба на градежно земјиште;
- По вонпарнични предмети предлагач Градот Скопје со 1 физичко лице за 90 илјади денари по основ враќање на средства по деекспропријација.

Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на Градот Скопје за годината која завршува со 31 Декември 2005 година.

15. Во врска со наодите од ревизорскиот извештај за 2005 година, од страна на надлежните од Градот Скопје, превземени се мерки и тоа :

15.1. Постапено по препораките на ревизијата:
- во 2006 година исплатата на платите на избраните лица – функционери е во склад со одредбите од Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица за лицата кои имаат третман на функционери;
- исплата за одржување на Скопското Кале е вршена до месец април 2006 година;
- преземени се мерки расходите на градот да се во рамки на надлежностите утвредни со Законот за локална самоуправа и законот за градот Скопје;
- превземени се мерки за доследна примена на членот 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
- трансферирањето на средства од буџетот до други институции се врши на основа предходно изготвена и усвоена Програма од страна на Комисијата за култура и Советот на град Скопје;
- извршено е зголемување на вредноста на опремата за паркинг системите;
- не евидентираниот данок на додадена вредност е евидентиран и повратен од УЈП;
- извршено е евидентирање и зголемување на вредноста на инвестицијата во подготовка;

15.2. Делумно е постапено по препораките од ревизорскиот извештај за 2005 година:

- има известување од Еуростандард банка дека договорите за пристапување кон долг на Град Скопје се поништени со што се поништени и обврските превземени кон градежните фирми. Но во 2006 година е присутно плаќање на Еуростандард банка по договори за цесии и асигнации со овие градежни фирми во истите износи ;
- кај дел од постапките за јавни набавки присутна е нецелосна примена на Законот за јавни набавки.

15.3. Не е постапено по препораките од ревизорскиот извештај за 2005 година :

- во врска со односите со јавните претпријатија состојбите во 2006 се идентични со оние од 2005 година;
- исплатата на надоместоците на советниците и во 2006 година е вршена спротивно на позитивните законски прописи;
- не е извршено усогласување на Одлуката за градските гробишта објавена во Службен гласник на Град Скопје бр. 21/84 со тековните законски прописи - Законот на Град Скопје (Службен весник на РМ бр. 55/04) и Законот за комуналните дејности (Сл. Весник на РМ бр. 49/96) поради тоа што не се создадени нормативни претпоставки.

**16. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Органот на Градот Скопје во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

**16.1. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

16.1.1. На сметката Станови и деловни објекти искажана е состојба од 27.636 илјади денари, помалку за износ од 9.342 илјади денари, по основ на заедничка градба на стамбено-деловен комплекс со АГД „Илинден“ по договор од 1996 година, според кој Градот Скопје има право на деловен, стамбен и гаражен простор со вкупна површина од 543,12 $м^2$ во вредност од 36.978 илјади денари. Бидејќи нема документација за тоа дека објектот е изграден, за извршен технички прием и дека истиот е даден во употреба, износот од 36.978 илјади денари треба да биде евидентиран како Материјални средства во изградба - подготовка. За разликата од 9.342 илјади денари во сметководството во 2006 е спроведено книжење според кое произлегува дека дел

од неизградените станови се дадени на физички лица како надоместок за експропријација на земјиште и градежен објект за изградба на улица Беласица.

Претходно наведеното е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за резултат искажување на нереални состојби во Билансот на состојба на 31.12.2006 година.

Во 2007 година, во текот на ревизијата состојбата е корегирана со тоа што вредноста на становите, кои треба да се дадат како надоместок на наведените лица е евидентирана на сметката Станови и деловни објекти, а по укажување на ревизијата евидентирањето на вредноста на деловениот, стамбениот и гаражниот простор од 36.978 илјади денари е извршено на сметката Материјални средства во изградба – подготовка, се до моментот на изградба на објектот, негов технички прием и давање во употереба.

**Скопје 29.10.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**ОРГАН НА ГРАД СКОПЈЕ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | | 0 | 72 |
| Трансфери и донации | 3.1. | 1,052,589 | 1,207,952 |
| **Вкупно приходи** | | **1,052,589** | **1,208,024** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2.** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 95,653 | 70,821 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 340 | 4,159 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 357,583 | 237,716 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | 1,089 | 2,793 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 40,219 | 23,680 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **494,884** | **339,169** |
| **Капитални расходи** | **3.3.** | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 544,705 | 836,855 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **544,705** | **836,855** |
| **Отплата на главнина** | **3.4.** | **13,000** | **32,000** |
| **Вкупно расходи** | | **1,052,589** | **1,208,024** |

**ОРГАН НА ГРАД СКОПЈЕ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 3,425 | 26,932 |
| Краткорочни финансиски побарувања | | 0 | 49 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 110 | 32 |
| Финансиски и пресметковни односи | | 0 | 4,274 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.3. | 71 | 49,590 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 342,272 | 513,521 |
| Залихи | 4.1.5. | 5,302 | 5,263 |
| **Вкупно тековни средства** | | **351,180** | **599,661** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 537 | 537 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 129,690 | 129,690 |
| Материјални средства | 4.2.1. | 377,173 | 311,405 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.1. | 272,847 | 225,054 |
| **Вкупно постојани средства** | | **780,247** | **666,686** |
| **Вкупна актива** | | **1,131,427** | **1,266,347** |
| **Вонбилансна евиденција - Актива** | **4.3.** | **2,784,184** | **1,803,708** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.4.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 308,280 | 498,470 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.4.2. | 600 | 2,050 |
| Краткорочни финансиски обврски | | 0 | 13,000 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.3. | 5,580 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.4. | 3,606 | 80,877 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **318,066** | **594,397** |
| **Долгорочни обврски** | **4.5.** | **27,812** | **0** |
| Други долгорочни обврски | 4.5.1. | 27,812 | 0 |
| **Извори на средства** | **4.6.** | | |
| Државен - јавен капитал | 4.6.1. | 780,247 | 666,687 |
| Останат капитал - залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност | 4.6.2. | 5,302 | 5,263 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **785,549** | **671,950** |
| **Вкупна пасива** | | **1,131,427** | **1,266,347** |
| **Вонбилансна евиденција - Пасива** | **4.7.** | **2,784,184** | **1,803,708** |

**ОРГАН НА ГРАД СКОПЈЕ**
**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **666,687** | **5,263** | **671,950** |
| **Зголемување по основ на:** | **139,419** | **7,935** | **147,354** |
| Набавки | 139,419 | 7,935 | 147,354 |
| **Намалување по основ на:** | **25,859** | **7,896** | **33,755** |
| Отпис на капитални средства | 570 | 7,896 | 8,466 |
| Амортизација | 15,947 | | 15,947 |
| Исправка поради погрешно книжење | 9,342 | | 9,342 |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **780,247** | **5,302** | **785,549** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 1405 – 394/13***

**Скопје, 13.12.2007 година**

Врз основа на член 23 став 5, 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија („Службен весник на РМ„, бр 65/97……….133/07) , постапувајќи по добиениот Приговор по Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на Град Скопје заведен под број 21-150/07/1 од 21.11.2007 година, Заменикот главен државен ревизор го донесе следното :

## Р Е Ш Е Н И Е
***по поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот на наодите од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на Органот на Град Скопје во точките 10.4.1. алинеја 1, 10.4.1. алинеја 2 **не се прифаќа** и во точка 10.4.1. алинеја 7 **се прифаќа**.

2. Решението по доставениот Приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор, претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во Годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на Органот на Град Скопје поднесен е приговор број 21-150/07/1 од 21.11.2007 година од одговорното лице на субјектот, од г-дин Трифун Костовски Градоначалник на Град Скопје.

Образложението за неприфаќање/прифаќање на одделни точки од приговорот е следното:

1. На наодот во точка 10.4.1. алинеја 1 од Конечниот извештај, а кој се однесува на Правилникот за набавки од мала вредност од 2004 година, **не е даден приговор**, туку известување за спроведување на препораката дадена од ревизијата во текот на 2007 година е донесен нов Правилник за набавки од мала вредност.

2. На наодот во точка 10.4.1. алинеја 2, а кој се однесува на склучени договори по отворен повик и ограничен повик во износи повисоки од планираните и обезбедените средства со буџетот, **не се прифаќа**, од причина што не се обезбедени дополнителни Одлуки за планирани и обезбедени финансиски средства во висина на склучените договори.

3. Приговорот на наодите од точка 10.4.1. алинеја 7 кој се однесува на наодот дека по ограничен повик број 16-05/06 втора фаза Изградба и изместување на ниско напонска електрична мрежа и приклучоци поканата до избраните понудувачи за поднесување на понудата не содржи: сукцесивна набавка, делива понуда, критериуми за избор на најповолен понудувач и нивно бодирање **се прифаќа**, од причина што надлежните служби во фаза на Приговор по Конечен извештај доставија валидни докази кои придонесоа за промена на ревизорското мислење.

**Заменик главен државен ревизор,**

**Благоја Илиевски**